# Посебни услови за осигурување на професионална одговорност на лекари и стоматолози

**Член 1 - ВОВЕДНА ОДРЕДБА**

(1) За ова осигурување се користат и важечките Општи услови за осигурување на професионална одговорност (ОУ-ПОД-01), освен во делот кој е поинаку определен со овие услови.

**Член 2. – ОСИГУРЕНА ОПАСНОСТ**

(1) Осигурувањето ги покрива оштетните побарувања на нарачателите на услуги (пациенти) поради штети, кои се последица на несовесно и нестручно вршење на регистрираната дејност на осигуреникот и за кое осигуреникот одговара врз законска основа и имаат за последица

1. повреда, болест или смрт на нарачателите на услуги (пациенти).

**Член 3. – НЕОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ**

(1) Осигурувањето, покрај неосигурените опасности одредени во Општите услови за осигурување на професионална одговорност, не ја покрива одговорноста и за оштетни побарувања за:

1) трошоците за болничко сместување на пациентите;
2) штети што ќе ги предизвикаат радиоактивните суптанци употребени на лицата за време на лекарските испитувања или за самото лекување;
3) штети поради истрошеност, оштетеност или прекумерна употреба на апаратите и направите за лекување;
4) штети поради земање, чување, пренесување или пресадување на делови на телото освен при автотрансплатација;
5) штети при придобивање на крв и крвни деривати (плазма);
6) штети што се последица на лекарски компликации или на случајност;
7) штети како последица на погрешно поставена дијагноза;
8) штети како последица на лечење со погрешни лекови;
9) штети како последица на неспроведување и кршење на обврските за објаснување и појаснување.

**Овие Посебни услови за осигурување на професионална одговорност на лекари и стоматолози се донесени од Одборот на директори на САВА осигурување, а.д. Скопје на 3-та редовна седница одржана на ден 07.11.2012 година, со Одлука број 02-6502/7, со датум на примена од 01.09.2012 година.**